# З А К О Н
# ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува метролошкиот систем во Република Македонија; надлежноста на Бирото за метрологија; законските мерни единици; еталоните; референтните материјали; прометот и употребата на мерилата; оцената на сообразноста на типот на мерилата; оцена на сообразноста на мерилата и суштествените барања; верификација на мерилата; важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло; метролошкиот надзор над количините и ознаките на количините на пакуваните производи; надзорот над примената на овој закон и други прашања од значење за метролошкиот систем заради обезбедување мерно единство во Републиката и со светот.

### Член 2

Одделни изрази што се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:

1) Метрологија е наука за мерењето;

2) Мерна единица е вредност од некоја големина, дефинирана и прифатена со конвенција, да има бројна вредност еднаква на еден (1);

3) Законска мерна единица е мерна единица чија употреба е воведена и дозволена со овој закон;

4) Мерен еталон (во натамошниот текст: еталон) е материјализирана мера, мерило, или мерен систем наменет да дефинира, остварува, чува или репродуцира единица или една или повеќе вредности на големината, со цел да служи како референца;

5) Национален еталон е референтен еталон, кој со одлука на Бирото за метрологија е признат да служи во Република Македонија како основа за утврдување на вредности на други еталони од истата големина;

6) Референтен еталон е еталон кој во основа има највисоки метролошки квалитети, и е расположлив во дадено место или во дадена организација, и служи како основа за мерење на тоа место;

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за метрологијата ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.55/02, Законот за изменување на Законот за метрологија, објавен во "Службен весник на РМ" бр.84/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.120/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.136/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.6/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.164/13, Законот за дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.41/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.192/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.53/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.64/18, Законот за изменување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.215/21 и Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.147/24 во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

7) Калибрација е збир на постапки со кои се воспоставува однос меѓу вредностите на големината што ја покажува мерилото или мерниот систем, или вредностите што ги претставува материјализирана мера или референтен материјал со соодветни вредности на остварените еталони, во определени услови;

8) Следливост е особина која има за цел мерните резултати на еталоните или мерилата да се доведат во врска со одредени референци, обично со националните или меѓународните еталони, со посредство на непрекинат синџир на споредување кои имаат назначена неодреденост.

9) Референтен материјал е материјал или супстанца чии карактеристики во однос на физичките особини или хемискиот состав се доволно добро определени за да можат да се користат за калибрација на еталони и мерила и проверка на мерна метода;

10) Сертифициран референтен материјал е референтен материјал со сертификат за чии карактеристики во однос на физичките особини или хемискиот состав е воспоставена следливост со мерните единици во кои се изразуваат вредностите на физичките особини или хемискиот состав и за кои може да се определи мерната неодреденост;

11) Мерило е уред или систем наменет за мерење, сам или во состав со додатни уреди;

12) Категорија на мерила претставуваат мерила кои мерат иста физичка големина;

13) Вид на мерила претставуваат мерила кои на ист или сличен принцип мерат иста физичка големина;

14) Тип на мерило претставуваат мерилата од ист производител што имаат слични карактеристики во поглед на намената, начинот на употребата, принципот на конструкцијата, обликот, составните делови, материјали и метролошки својства, а можат да се разликуваат во мерниот опсег и номиналните вредности;

15) Верификација е збир на постапки кои ги врши Бирото за метрологија или правно лице овластено од страна на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, со цел за утврдување и потврдување дали мерилото е во сообразност со пропишаните метролошки услови за верификација. Верификацијата опфаќа метролошки преглед и жигосување, односно издавање на сертификат за верификација.

16) Метролошки надзор над количините и ознаките на количините на пакуваните производи е метролошка контрола на количините, начинот на означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи, согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

17) Жигосување е збир на постапки чија цел е на мерилото да се стават ознаки со кои се потврдува дека мерилото ги задоволува прописите и другите акти за верификација. Одредени делови од мерилото кои можат да влијаат на метролошките особини, се жигосуваат за да ги заштитат од промена или замена по извршената верификација;

18) Пакувани производи се производи во тврда, течна и гасовита состојба, во проверено пакување, кои се спакувани во отсуство на купувачот и чија квантитативна содржина не може да биде променета без да се отвори или промени пакувањето. Течности можат да се пакуваат во шишиња од стакло или материјал со иста стабилност и цврстина што се употребуваат како мерни садови.

19) Производител е физичко или правно лице кое е одговорно за сообразноста на мерилото со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, при пуштањето на мерилата во промет под сопствено име, или при пуштање на мерилата во употреба за сопствени потреби;

20) Овластен застапник е секое физичко или правно лице што е регистрирано во Република Македонија или во Европската унија коешто е овластено од страна на производителот во писмена форма, да го застапува, како и да постапува во негово име и за негова сметка при извршување на определени задачи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

21) Пуштање во промет е активност со која мерилото наменето за крајниот корисник станува за прв пат достапно во Република Македонија или во Европската унија, со или без плаќање надоместок;

22) Ставање во употреба е прва употреба на мерилото од страна на крајниот корисник во Република Македонија или во Европската унија, во согласност со неговата намена;

23) Хармонизиран стандард е техничка спецификација која служи како поткрепа за задоволување на суштествените барања на насоките на новиот пристап, а која е усвоена од Европскиот комитет за стандардизација (CEN), Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC) или Европскиот институт за стандардизација од областа на Телекомуникациите (ETSI) (во натамошниот текст: Европски организации за стандардизација), или заедно од две или од сите овие организации, на барање од Европската комисија, согласно со Директивата 98/34/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, од 22 јуни 1988 година за воспоставување на процедура за размена и давање на информации на полето на техничките стандарди и прописи и Правилата за услугите во информатичкото општество, со амандманите од Директивата 98/48/ЕЗ и која е подготвена согласно со Општите насоки усогласени меѓу Комисијата и една или повеќе од европските организации за стандардизација;

24) Нормативен документ е документ со технички спецификации, којшто е усвоен од страна на Меѓународната организација за законска метрологија (OIML), во согласност со Директивата на Европскиот парламент и Советот од 31 март 2004 година за мерните инструменти (во натамошниот текст: МИ директива за мерни инструменти 2004/22/ЕЗ процедурите пропишани со членот 16.1);

25) Законска метролошка контрола е контрола над мерните задачи во подрачјето на употреба на мерилата, согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, заради заштита на јавниот интерес, јавното здравство, јавната безбедност и јавниот ред, заштита на животната средина, заштита на потрошувачите, прибирање на јавните давачки, како и чесната трговија;

26) Тело за оцена на сообразноста е овластено тело кое извршува услуги за оцена на сообразноста и е предмет на акредитација и

27) Знак за сообразност е знак кој се користи или е издаден во согласност со правилата на сертификациониот систем, кој покажува дека определен процес, производ или услуга е во сообразност со определен стандард или технички пропис.

**Член 3**

Целта на овој закон е да се обезбеди:
- заштита на јавниот интерес;
- заштита на јавниот ред;
- заштита на здравјето на луѓето;

- заштита на животната средина;
- заштита на потрошувачите;
- општата техничка безбедност;
- прибирањето даноци и други давачки и
- чесна трговија.

Заради остварување на целта од ставот 1 на овој член, за сите мерила мора да биде дефинирана и обезбедена следливост.

## II. БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

### Член 4

За вршење на стручните и другите работи во областа на метрологијата утврдени со овој и со други закони се основа Биро за метрологија (во натамошниот текст: Биро), како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Бирото има својство на правно лице. Со Бирото раководи директор.

Директорот на Бирото го именува и разрешува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

За именување на директорот на Бирото се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и трае 15 дена од денот на објавувањето.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има најмалку пет години работно искуство во областа на метрологијата;

5)[2] поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Директорот за работата на Бирото доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната година, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

---

[2] Одредбите од членот 4 став 5 точка 5) од Законот за метрологијата („Службен весник на РМ“ бр. 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15 и 53/16) и одредбите од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологија („Службен весник на РМ“ бр. 64/18) со кој членот 4 став 5 точката 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 5**

Заради одржување и развој на метролошкиот систем во Република Македонија, Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, донесува годишна програма, во која, покрај стратешките активности во областа на метрологијата, се утврдуваат и целите и задачите на Бирото за метрологија за годината за која се однесува програмата.

За спроведувањето на Програмата од ставот 1 на овој член, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, најмалку двапати во годината поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Степенот на реализација на стратешките активности, целите и задачите од годишната програма од ставот 1 на овој член се услов за разрешување на директорот на Бирото за метрологија.

Предлогот за разрешување на директорот на Бирото за метрологија во случајот од ставот 3 на овој член, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини заедно со извештајот за реализацијата ги доставува до Владата.

**Член 6**

Бирото ги извршува работите и задачите од областа на метролошкиот систем на Република Македонија, кои се однесуваат на:

- инспекциски надзор над употребата и начинот на пишувањето на законските мерни единици;
- обезбедување на следливост, и остварување, чување и одржување на националните еталони и сертифицираните референтни материјали;
- обезбедување на следливост на референтните еталони;
- калибрација на еталони и мерила;
- оцена на сообразноста на мерилата со суштествените барања;
- инспекциски надзор над работењето на правните лица овластени за извршување на одделни работи од областа на метрологијата врз основа на овој закон;
- оцена на сообразноста на типот на мерилата;
- верификација на мерилата;
- постапка за регистрација за признавањето на важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло;
- метролошки надзор над количините и означувањето на количините на пакуваните производи;
- инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони;
- постојан тренинг и едукација на вработените во Бирото и во овластените правни лица;
-дефинирање на работите и задачите на метролошкиот совет и учество во неговата работа;
- консалтинг услуги за потребите на правните и физичките лица кои вршат промет или употреба на мерила;
- соработка со други инспекциски органи и
- други работи и задачи во врска со спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Член 7**

Бирото членува и ја претставува Република Македонија во меѓународните и регионалните организации од областа на метрологијата, соработува со нив и учествува во нивната работа.

### Член 7-а

Бирото соработува со сите заинтересирани страни за работата на Меѓународната организација за законска метрологија - OIML за прашања од подрачјето на примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Бирото е надлежен орган во Република Македонија за соработка и размена на информации во врска со мерилата со надлежните органи на државите членки на Европската унија и со Европската комисија.

### Член 8

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Метролошки совет (во натамошниот текст: Совет), кој ќе работи како стручно и советодавно тело на Бирото во областа на метрологијата.

Советот е составен од претседател и членови, кои со решение ги именува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, по принципот на стручност и компетентност и рамноправна застапеност на сите заинтересирани субјекти од метролошкиот систем.

Претседателот и членовите на Советот се именуваат за време од четири години.

За работата во Советот, на претседателот и на членовите им следува соодветен надоместок, што го определува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

За своето работење Советот најмалку еднаш годишно поднесува извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

### Член 9

Бирото на својата веб-страница ги објавува:

-сертификатите за оцена на сообразноста на типот на мерилата издадени врз основа на овој закон од Бирото или од овластените правни лица за оцена на сообразноста на типот на мерилата;

-решенијата на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за овластување на правните лица за извршување на одредени професионални дејности врз основа на овој закон;

-решенијата на Бирото за признавање на референтните еталони за национални еталони;

-регистарот (листата) за признавањето на важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло;

-стручни и научни трудови од областа на метрологијата и

-други информации од областа на метрологијата.

## III. МЕРНИ ЕДИНИЦИ

### Член 10

Во Република Македонија се употребуваат законски мерни единици.

Законските мерни единици се:

1) единиците на Меѓународниот систем на единици SI (System Internationale d' Unites) (во натамошниот текст: SI);

2) декадните множини и децималните делови на SI единиците;

3) останати единици;

4) сложени мерни единици, формирани со комбинација на единците од точки 1), 2) и 3) на ставот 2 од овој член,

Задолжителна употреба на законските мерни единици од ставот 1 на овој член се применува при користењето на :

1) еталони, мерила и референтни материјали;

2) резултати добиени од извршените мерења и

3) прикажувања на мерни големини што се изразуваат во мерни единици, во областа на заштитата на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и заштитата на животната средина и природата, општата техничка безбедност на производите, производството и прометот со стоки и услуги, образованието, стандардизацијата и во правосудните и управните постапки.

**Член 11**

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува дефинициите, имињата и симболите, подрачјето и начинот на примена, обврската за употреба и начин на пишување на законските мерни единици.

## IV. ЕТАЛОНИ

**Член 12**

Бирото ги остварува, чува и одржува националните еталони и со калибрација или меѓулабораториска споредба ја обезбедува нивната следливост.

Бирото со решение може да признае за национален еталон, било кој референтен еталон што го остварува, чува и одржува определено правно лице.

**Член 13**

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува поблиските услови за остварувањето, чувањето и одржувањето на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони.

**Член 14**

Ако Бирото утврди дека условите за признавање на еден еталон за национален еталон или условите за остварување, чување и одржување на националниот еталон не се повеќе исполнети, ќе донесе решение со кое ќе го укине решението за признавање на еталонот за национален еталон.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## V. РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Член 15**

Сертифицирани референтни материјали може да остварува, чува и одржува Бирото или правно лице, кои за нивните карактеристики во однос на физичките особини или хемискиот состав обезбедуваат следливост со мерните единици во кои се изразуваат вредностите на физичките особини или хемискиот состав.

**Член 16**

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува начинот и постапката за реализација, чување и одржување на сертифицираните референтни материјали.

## VI. МЕРИЛА

### 1. Промет и употреба на мерила

#### Член 17

Во Република Македонија не може да се пуштат во промет или да се стават во употреба мерила кои не ги исполнуваат барањата определени со овој и со друг закон и со прописите донесени врз основа на овој и друг закон за оцена на сообразноста на типот на мерилата или кои не ги исполнуваат метролошките и со нив поврзаните технички прописи (во натамошниот текст: суштествени барања), определени со овој и со друг закон и со прописите донесени врз основа на овој и друг закон.

#### Член 17-а

Во Република Македонија не може да се пуштаат во промет или на друг начин да се ставаат во употреба мерилата, ако:

- не ги исполнуваат суштествените барања, или ако
- производителот не ја потврдил сообразноста на мерилото со суштествените барања согласно со постапките пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и
- на мерилото не е ставена CE ознака, дополнителна метролошка ознака и идентификациски број од нотифицираното тело кое ја спровело постапката за оценување на сообразноста на тоа мерило со суштествените барања.

На трговски саеми, изложби, јавни презентации и слични манифестации, организаторот може да покажува мерила кои не се во согласност со суштествените барања утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, под услов со видлива ознака јасно да се означи нивната несообразност за пуштање во промет или за ставање во употреба, сé додека не се сообразат со суштествените барања.

Во Република Македонија не може да се спречи, забрани или да се ограничи пуштање во промет или ставање во употреба на мерилата, ако носат ЕЕЗ ознака за одобрување на типот на мерилото и/или ознака за прва ЕЕЗ верификација.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува суштествените барања кои треба да ги исполнуваат определени мерила пред нивното пуштање во промет или ставање во употреба, видот на мерилата, означувањето на мерилата, прва ЕЕЗ верификација, дополнителните услови кои треба да ги исполнуваат телата што учествуваат во постапката за оценување на сообразноста на мерилата, видот на документите кои го следат мерилото кога се пушта во промет или се става во употреба, употребата на хармонизираните стандарди, нормативни документи и технички спецификации, содржината на потребната техничка документација и начинот на известување за пуштање на мерилата во употреба.

#### Член 17-б

Производителот кој пушта мерило во промет или во употреба е одговорен за пуштањето во промет и ставањето во употреба на мерилата кои ги задоволуваат суштествените барања утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

Производителот обезбедува податоци за исполнетоста на суштествените барања во техничката документација, како и сите податоци од значење за соодветните постапки за оценување на сообразноста за потребите на телото за оцена на сообразноста.

Производителот е должен да ја чува техничката документација за потребите на овластениот застапник, во период од десет години од кога е произведено последното мерило од секој даден тип посебно и да ја стави на располагање на Бирото заради вршење на инспекциски надзор и верификација.

## 2. Оцена на сообразноста

### 2.1. Оцена на сообразноста на типот на мерилата

**Член 18**

Со постапката за оцена на сообразноста на типот на мерилата се утврдува нивната сообразност со барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и други закони и нивната употребливост.

Во Република Македонија не може да се ограничи употребата на мерилата кои ги исполниле барањата од ставот 1 на овој член.

**Член 19**

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува начинот и постапката за оцена на сообразноста на типот на мерилата, како и методот, одредени методи или одредена комбинација на методи за оцена на сообразноста на типот на мерилата, како и содржината и формата на сертификатите за сообразност на типот на мерилата.

**Член 20**

Оцената на сообразноста ја врши Бирото или правно лице овластено од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Со техничките прописи што ги донесува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, односно министерот во чија надлежност утврдена со закон се работите поврзани со одделни категории мерила се определуваат условите кои треба да ги исполнуваат правните лица што вршат оцена на сообразност, а се однесуваат на:

- соодветен стручен кадар, просторна и техничка опременост,
- независност и непристрасност во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производот чија сообразност се оценува,
- доверливост во работата,
- одговорност за извршената работа,
- осигурување од професионална одговорност,
- услови кои треба да ги исполнуваат правните лица за вршење на оценка на сообразност утврдени во техничките прописи.

Барањето за добивање на овластување за вршење на оцена на сообразност се поднесува до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Кон барањето од ставот 3 на овој член правното лице треба да достави:

1) решение за упис во трговскиот регистар;

2) доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за оцена на сообразност;

3) доказ за позитивен бонитет за вршење на дејност;

4) сертификат за акредитација;

5) доказ за вработеност на стручниот кадар и

6) предлог за овластување од Бирото за метрологија.

Овластеното службеното лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката за овластување за оцена на сообразност по службена должност ги прибавува доказите од ставот 4 точки 1), 3), 4), 5) и 6) на овој член од надлежен јавен орган, во рок од три дена од приемот на барањето од ставот 3 на овој член. За прибавување на доказот од ставот 3 точка 6) на овој член, овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до органот за одобрување доставува копија од барањето и доставената придружна документација.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 4 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член.

Формата и содржината на барањето од ставот 3 на овој член ја пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Ако се утврди дека се доставени доказите од ставот 4 на овој член како и дека се исполнети условите од ставот 2 на овој член за вршење на оцена на сообразноста утврдени во техничките прописи и работите поврзани со одделни категории мерила, по претходна согласност на министерството или органот надлежен за донесување на прописот од соодветната област, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на прибирање на доказите од ставот 4 на овој член донесува решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност.

Против решението од ставот 8 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен.

Правните лица на кои им е издадено решение за овластување за оцена на сообразност се должни постојано да ги исполнуваат условите од ставот 2 на овој член кои се определени со техничките прописи.

Тела за оцена на сообразност кои ги задоволуваат стандардите усвоени од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија со кои се транспонираат европските хармонизирани стандарди чии библиографски податоци се објавени во „Службен весник на Република Македонија" се смета дека ги исполнуваат условите утврдени во ставот 2 на овој член.

Правните лица од ставот 11 на овој член се должни да го известуваат Бирото за издадените сертификати и нивното повлекување за системите за квалитет и за постапките за оцена на сообразноста на секои шест месеци.

**Член 20-а**

**Укинување на решение за овластување**

Ако министерот за енергетика, рударство и минерални суровини утврди дека телото за оцена на сообразноста престанало да исполнува определен услов од членот 9 став 4 на овој закон или кој било услов утврден со техничкиот пропис од членот 9 став 2 на овој закон ќе донесе решение со кое ќе го укине решението за овластување.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата од ставот 2 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

За донесување на решението од ставот 1 на овој член министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ќе ја информира Европската комисија, ако телото за оцена на сообразност е назначено (нотифицирано) во Европската комисија.

## 2.2. Оцена на сообразноста на мерилото со суштествените барања

### Член 20-б

Со постапката за оцена на сообразноста на мерилото со суштествените барања се утврдува нивната сообразност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и нивната употреба за предвидената намена.

Оцената на сообразноста на мерилото со соодветните суштествени барања се спроведува со примена на една од постапките (модулите) за оцена на сообразноста или со соодветна комбинација на постапките за оцена на сообразност.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини го пропишува начинот за оцена на сообразноста на мерилото со суштествените барања, како и примената на постапките (модулите) за оцена на сообразноста.

## 3. Означување на сообразноста

### Член 20-в

Сообразноста на мерилата со суштествените барања се означува со ставање на ознаката за сообразност СЕ и дополнителна метролошка ознака. На мерилата производителот може да стави какви било други ознаки, освен ако со тоа не се намалува видливоста и читливоста на ознаката за сообразност и на дополнителната метролошка ознака.

Ознаката за сообразност и дополнителната метролошка ознака ги става производителот или неговиот овластен застапник. Тие ознаки можат да се стават на мерилата и во текот на процесот на производство, ако е тоа оправдано со оглед на карактеристиките на мерилото, од економски причини.

На мерилата, производителот или неговиот овластен застапник, не смее да става ознаки со кои можат да се доведат во заблуда трети лица за значењето и формата на ознаките за сообразност, како и за значењето и формата на дополнителната метролошка ознака.

Кога на мерилото се применуваат и други прописи, што опфаќаат други аспекти кои бараат ставање ознаки за сообразност, ознаката за сообразност означува дека за тоа мерило истовремено се претпоставува дека ги задоволува барањата од тие други прописи. Во тие случаи, во документите или во упатствата коишто се бараат со тие прописи и коишто се приложуваат кон мерилото, производителот или неговиот овластен застапник, е должен да ги наведе и тие прописи со назнака на бројот на "Службен весник на Република Македонија" во кој се објавени.

## 4. Известување за телата за оценување на сообразноста

### Член 20-г

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини по службена должност ги известува државите членки на Европската унија и Европската комисија за нотифицираните субјекти коишто се стекнале со својство на тело за

оцена на сообразноста и за спроведување на задачите коишто се однесуваат на модулите за оцена на сообразноста, заедно со броевите за идентификација кои им ги доделила Европската комисија, за видовите на мерила за коишто е овластено секое тело и кога е потребно за: класите на точност на мерилата, мерното подрачје, мерната технологија и сите други карактеристики на мерилата со кои се ограничува опсегот на овластувањето.

## 5. Верификација на мерила

### Член 21

Мерилата од членот 3 на овој закон подлежат на прва, периодична и вонредна верификација.

### Член 22

За првата верификација на мерилата должен е да се грижи производителот на мерилата.

### Член 23

За периодичната верификација на мерилата должен е да се грижи имателот на мерилата.

По исклучок од ставот 1 на овој член за периодичната верификација на мерилата за топлотна енергија, броилата за електрична енергија, вклопните часовници, водомерите, мерилата за течни горива, гасомерите, коректорите, паркинг-часовниците, должни се да се грижат правните и физичките лица што продаваат топлотна енергија, електрична енергија, вода, течни горива, гас, издаваат простор за паркирање, без оглед на тоа кој е имател на тие мерила.

### Член 24

Периодично мерилото се верифицира во годината кога истекува важноста на ознаките и жиговите, односно сертификатот за верификација на мерилото.

### Член 25

Вонредната верификација е задолжителна за мерилата кои се ставени вон употреба заради сервис поради дефект или други технички недостатоци.

Со вонредната верификација се потврдува дали мерилото и понатаму е во сообразност со одобрениот тип, односно со барања пропишани согласно со овој закон.

Правното лице кое го поправило или преправило мерилото се грижи за вонредната верификацијата.

### Член 26

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува начинот и постапката за верификација на мерилата од членовите 22, 23 и 25 на овој закон.

### Член 27

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги определува категориите и видовите на мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација.

### Член 28

Ако при постапката за верификација се утврди дека мерилото е во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки услови за верификација, тоа се означува и жигосува со ознака и жиг за верификација, односно се издава сертификат за верификација.

Ако при постапката за верификација се утврди дека мерилото не е во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки барања за верификација, тоа не се означува и жигосува со ознака и жиг за верификација, односно не се издава сертификат за верификација.

### Член 29

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува видовите и формите на ознаките и жиговите кои се користат при верификација на мерилата, како и содржината и формата на сертификатот за верификација.

Ознаките и жиговите, односно сертификатот за верификацијата престануваат да важат, ако:

1) истекла нивната важност;

2) се изменети, оштетени или отстранети (се однесува само за ознаките и жиговите);

3) се поништени и

4) мерилото е поправано или преправано.

Мерило кое нема ознаки и жигови, односно сертификат за верификација, или чии ознаки и жигови, односно сертификат за верификација престанале да важат, не може да се употребува.

### Член 30

Верификацијата ја врши Бирото или правно лице овластено од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на предлог на Бирото, го овластува правното лице чија компетентност е верифицирана согласно со правилата за акредитација или правила еднакви на акредитацијата согласно со Законот за акредитација и кои ги исполнуваат дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува дополнителните услови во однос на став 2 од овој член, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување.

## 6. Хармонизирани стандарди и нормативни документи

### Член 30-а

Се претпоставува постоење на сообразност на мерилото со суштествените барања, ако мерилото ги задоволува елементите од  стандардите усвоени од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија, со кои се транспонираат Европските хармонизирани стандарди за соодветното мерило, а чии библиографски податоци Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги објавило во "Службен весник на Република Македонија".

Ако мерилото само делумно ги задоволува елементите на стандардите од ставот 1 на овој член, се претпоставува постоење на сообразност со суштествените барања кои одговараат на оние елементи на стандардите кои ги задоволува мерилото.

Се претпоставува постоење на сообразност на мерилото со суштествените барања, ако мерилото ги задоволува елементите од нормативните документи, чии библиографски податоци Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги објавило во "Службен весник на Република Македонија".

Ако мерилото само делумно ги задоволува елементите на нормативните документи од ставот 3 на овој член, се претпоставува постоење на сообразност со суштествените барања кои одговараат на оние елементи од нормативните документи кои ги задоволува мерилото.

Библиографските податоци за нормативните документи од ставот 3 на овој член се преземаат од соодветните документи кои Европската комисија ги објавила во Службеното гласило на Европската унија.

**Член 30-б**

Бирото постапува согласно со постапките за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, ако смета дека хармонизиран стандард што го донесол Институтот за стандардизација од членот 30-а став 1 на овој закон не ги задоволува во целост суштествените барања од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон за соодветното мерило.

Ако Европската комисија го извести Институтот за стандардизација на Република Македонија дека наведениот стандард што го утврдил Институтот за стандардизација во Република Македонија, со кој е преземен хармонизираниот европски стандард во целост не ги задоволува суштествените барања за соодветната категорија мерила и прописите донесени врз основа на овој закон, Институтот без одлагање за тоа го известува Бирото преку Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, по известувањето од Европската комисија, без одлагање го објавува повлекувањето на тој стандард од списокот на стандарди објавени во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 30-в**

Ако смета дека нормативниот документ од членот 30-а став 3 на овој закон не ги задоволува целосно суштествените барања од овој закон за соодветната категорија мерило и од прописите донесени врз основа на овој закон за соодветното мерило, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на предлог од Бирото го изнесува тоа пред Одборот за мерила на Европската комисија со соодветно образложение.

Ако Европската комисија ги извести државите членки на Европската унија дека е потребно повлекување на библиографските податоци на некој нормативен документ објавен во Службеното гласило на Европската унија, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини по известување од Европската комисија без одлагање го објавува повлекувањето на тој нормативен документ од списокот на нормативни документи објавен во "Службен весник на Република Македонија".

## 7. Мерки во случај на неисполнување на суштествените барања

### Член 30-г

Ако при вршењето на работите од својата надлежност Бирото утврди дека целото мерило или дел/делови од мерилото иако се правилно вградени во мерилото од посебен модел што ја носи ознаката за сообразност – СЕ ознаката и дополнителната метролошка ознака, не ги задоволува суштествените барања утврдени со прописите донесени врз основа на овој закон, а се употребуваат во согласност со упатствата на производителот, на негов предлог, органот надлежен за работите на пазарната инспекција презема мерки од негова надлежност за да се повлече тоа мерило од пазар, да се забрани пуштање на истото во промет или да се ограничи прометот со тоа мерило, односно да се забрани или да се ограничи ставањето во употреба или неговата натамошна употреба. Бирото за метрологија утврдува дали несообразноста е од систематска (суштинска или системска) природа или е од случајна (несуштинска или небитна) природа. Ако утврди дека несообразноста е од систематска (суштинска или системска) природа, без одлагање преку Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ја известува Европската комисија за преземените мерки и за причините за преземање на истите.

Органот надлежен за работите на пазарната инспекција во соработка со Бирото, за преземените мерки од негова надлежност, против секое лице кое става ознаки спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон преку Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја известува Европската комисија и надлежните органи на државите членки на Европската унија.

## 8. Неправилно ставена ознака и соработка

### Член 30-д

Ако при вршење на работите од неговата надлежност Бирото утврди дека СЕ ознаката и дополнителната метролошка ознака се неправилно ставени го известува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, односно органот надлежен за работите на пазарната инспекција кој покренува постапка, производителот или неговиот овластен застапник, односно правното или физичкото лице кое го пушта производот во промет или во употреба и веднаш презема мерки за спречување на нивната активност за неправилно поставување на СЕ ознаката, за усогласување на означувањето на мерилото со одредбите од прописите кои се однесуваат на СЕ ознаката и на дополнителната метролошка ознака.

Ако при вршење на работите од неговата надлежност утврди дека неправилностите од ставот 1 на овој член не се отстранети или се повторуваат, на предлог на Бирото, органот надлежен за работите на пазарната инспекција презема мерки од негова надлежност за да се повлече тоа мерило од пазарот, да се забрани пуштање во промет или да се ограничи прометот со тоа мерило, односно да се забрани или да се ограничи неговото ставање во употреба или неговата натамошна употреба.

Органот надлежен за работите на пазарната инспекција треба да обезбеди дека во решенијата кои се однесуваат на повлекување на мерилата од пазарот, забрана за пуштање во промет или ограничување на прометот со мерилото, односно

забрана или ограничување на ставање во употреба или натамошна употреба на мерилото, е наведен правниот основ според кој е донесено решението за преземање на соодветната мерка кое согласно закон е доставено до правните и физичките лица на кои се однесува.

**Член 30-ѓ**

Во Република Македонија не можат да се пуштаат во промет или да се ставаат во употреба мерилата кои подлежат на метролошка контрола ако не ги исполнуваат барањата утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

## VII. ВАЖНОСТ НА ОЗНАКИТЕ И СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА НА ТИП НА МЕРИЛО И ОЗНАКИТЕ, ЖИГОВИТЕ, ОДНОСНО СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА ОДНОСНО КАЛИБРАЦИЈА НА МЕРИЛАТА ОД СТРАНСКО ПОТЕКЛО

**Член 31**

Во Република Македонија се признаваат за важечки:

-ознаките и сертификатите за сообразноста на типот на мерилата од домашно и странско потекло и

-ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација односно калибрација на мерилата од странско потекло, кои се издадени во согласност со меѓународните, како и билатерални или мултилатерални договори кои ги склучила и ратификувала, односно на кои им пристапила Република Македонија.

**Член 32**

Бирото води Регистар во кој се врши упис на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло издадени во согласност со членот 31 од овој закон.

Уписот во Регистарот од ставот 1 на овој член се врши врз основа на барање од заинтересирано правно и физичко лице.

За вршење на упис на податоците од ставот 1 на овој член во Регистарот, Бирото донесува решение.

Против решението со кое се одбива уписот во Регистарот може да се изјави жалба до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 на овој член, како и формата и содржината на решенијата од ставовите 3 и 4 на овој член, ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

## VIII. МЕТРОЛОШКИ НАДЗОР НАД КОЛИЧИНИТЕ И ОЗНАКИТЕ НА КОЛИЧИНИТЕ НА ПАКУВАНИТЕ ПРОИЗВОДИ

**Член 33**

Количините и ознаките на количините на пакуваните производи во прометот подлежат на метролошки надзор.

Во Република Македонија можат да се пуштаат во промет само пакуваните производи, чија количина е точно, јасно и недвосмислено означена и ако отстапувањата од означената количина е во рамките на дозволените отстапувања.

**Член 34**

Метролошкиот надзор над прометот на пакуваните производи го врши Бирото или овластено правно лице.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на предлог на Бирото, со решение го овластува правното лице чија компетентност е верифицирана согласно со правилата за акредитација или правилата еднакви на акредитацијата согласно со Законот за акредитација и доколку ги исполнува дополнителните условите за метролошкиот надзор над пакуваните производи.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува дополнителните услови во однос на став 2 од овој член, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и надзорот на исполнетоста на барањата за овластување.

**Член 35**

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ги пропишува начинот и постапката на вршење на метролошкиот надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат по однос на количините, начинот за означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи, како и суштествените барања за шишињата што се користат како мерни садови.

**Член 36**

Ако со метролошкиот надзор се утврди дека пакуваните производи не одговараат на соодветната назначена количина, или не е јасно или е двосмислено означена количината, или отстапуваат од дозволеното отстапување, Бирото донесува решение за забрана за нивно пуштање во промет.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставот 2 на овој член.

## IX. ЦЕНИ НА УСЛУГИ

**Член 37**

За услугите кои ги вршат Бирото и овластеното правно лице, а кои се однесуваат на:

- калибрација на еталони;
- меѓулабораториска споредба на еталони;
- оцена на сообразност на типот на мерилата;
- оцена на сообразност на мерилата со суштествените барања,
- испитување на тип на мерила;
- верификација на мерилата;
- надзор над исполнетоста на условите за овластување на правните лица;
- обезбедувањето на ознаките и сертификатите за оцена на сообразноста на типот на мерилата;
- обезбедување на ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата;
- регистрација на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло;

- метролошки надзор над количините на ознаките на пакуваните производи и
-консалтинг и обука, се наплатува надоместок.

Висината и начинот на наплатувањето на надоместокот од ставот 1 на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија.

## X. НАДЗОР

### Член 38

Надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони врши министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

### Член 38-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

### Член 39

Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на употребата на законските мерни единици и прометот и употребата на мерилата врши органот надлежен за работата на пазарната инспекција.

### Член 40

Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на употребата на законските мерни единици, исполнетоста на условите за остварување, чување и одржување на националните еталони, употребата на мерилата и работата на правните лица овластени врз основа на овој закон го врши Бирото.

### Член 41

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини го пропишува начинот и постапката на инспекцискиот надзор што го врши Бирото.

Директорот на Бирото донесува годишна програма за вршење на инспекциски надзор и подготвува месечни планови за вршење на инспекциски надзор.

Директорот доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија за реализираниот инспекциски надзор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

### Член 42

Овластен работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекцискиот надзор, согласно со одредбите од членот 40 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за државни службеници и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Бирото.

Овластените работници на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, согласно со одредбите од членот 40 од овој закон, имаат легитимација со која се утврдува нивното службено својство и се должни да ја покажат ако тоа се бара од нив.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата, како и начинот на издавање и одземање на легитимацијата.

Легитимацијата ја издава министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Член 42-а**

За извршениот инспекциски надзор овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор составува записник во кој се внесува наодот за утврдената фактичка состојба.

Записникот го потпишуваат лицата кои учествуваат во постапката на инспекциски надзор.

**Член 42-б**

Врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, доколку утврди неправилности, има право и обврски на субјектот на надзор:

1) да му укаже за истите и да определи рок за нивно отстранување;

2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок што тој ќе го определи;

3) привремено да ги стави вон употреба мерилата за кои е утврдена неправилноста и

4) да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, како и да води постапка на порамнување и посредување.

**Член 43**

Доколку инспекторот од органот надлежен за работата на пазарната инспекција, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 39 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, по однос на употребата на законските мерни единици, ќе донесе решение за забрана за употреба на мерни единици кои не се пропишани со овој закон.

Доколку инспекторот од органот надлежен за работата на пазарната инспекција, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 39 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, по однос на пуштањето во промет и употребата на мерилата од членот 3 став 1 од овој закон ќе донесе решение за забрана за пуштање во промет и употреба на мерилата кои не ги исполнуваат барањата пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Решението од ставовите 1 и 2 на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, инспекторот ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот.

**Член 44**

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на исполнетоста на условите за остварување, чување и одржување на националните еталони, ќе донесе решение за укинување на решението за признавање еталон за национален еталон.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на употребата на законските мерни единици, ќе донесе решение за забрана за употреба на мерните единици кои не се пропишани со овој закон.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на употребата на мерилата од членот 3 став 1 од овој закон, ќе донесе решение за забрана за употреба на мерилата кои не ги исполнуваат барањата пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на оцена на сообразност, односно овластеното правно лице:

- нема најмалку три лица во редовен работен однос со високо образование од подрачјето за кое е добиено овластувањето,
- не поседува потребни технички средства или  не располага со техничка документација за мерилата што се предмет на оцена на сообразност и за опремата што се користи во постапката за оцена на сообразност,
- не ги применува прописите за оцена на сообразност на мерилата што се предмет на оцена на сообразност,
- му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност и
- не води соодветна евиденција за работите поврзани со оцената на сообразност (протоколи од извршените метролошки испитувања на тип на мерила), во рок од три дена изготвува записник за утврдената фактичка состојба, а Бирото во рок од осум дена од завршувањето на надзорот ќе поднесе предлог до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за укинување на решението за овластување на правното лице.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на оцена на сообразност, односно овластеното правно лице:

- не располага со копии на македонски стандарди официјално добиени од Институтот за стандардизација на Република Македонија,
- нема склучено договор за осигурување на мерилата и опремата што се предмет на оцена на сообразност,
- не поседува доказ дека техничкиот персонал посетувал курсеви или обуки за вршење на работите од оцената на сообразноста од опфатот на овластувањето и
- нема доказ дека е солвентно, донесува решение за отстранување на утврдените неправилности во рок кој тој ќе го определи.

Доколку во предвидениот рок овластеното правно лице не ги отстрани утврдените неправилности, Бирото во рок од осум дена ќе поднесе предлог до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за укинување на решението за овластување на правното лице.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на верификација на мерила, односно овластеното правно лице:

- не ги извршува верификациите согласно проверените постапки и Правилникот за начинот и постапката за прва, периодична и вонредна верификација на мерилата („Службен весник на Република Македонија" број 25/2007),
- не поседува потребни технички средства или не располага со техничка документација за мерилата што се предмет на верификација и за опремата што се користи во постапката за верификација,
- не ги применува прописите за верификација на мерилата што се предмет на верификација,
- му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност,
- не води соодветна евиденција за работите поврзани со верификацијата на мерилата (протоколи од извршените метролошки испитувања на мерилата) и
- не работи согласно со добрата метролошка пракса (не издава следливи мерни резултати со употреба на мерна опрема што е редовно калибрирана и следлива со определена мерна неодреденост, не употребува документирани и верификувани постапки, не води и не чува податоци за извршените мерења, во рок од три дена изготвува записник за утврдената фактичка состојба, а Бирото во рок од осум дена од завршувањето на надзорот ќе поднесе предлог до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за укинување на решението за овластување на правното лице.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на верификација на мерила, односно овластеното правно лице:

- нема склучено договор за осигурување на мерилата и опремата што се предмет на верификација,
- не поседува доказ дека техничкиот персонал посетувал курсеви или обуки за вршење на работите од областа на верификација на мерилата од опфатот на овластувањето и
- нема доказ дека е солвентно, ќе донесе решение за отстранување на утврдените неправилности во рок кој тој ќе го определи.

Доколку во предвидениот рок овластеното правно лице не ги отстрани утврдените неправилности, Бирото во рок од осум дена ќе поднесе предлог до министерот за укинување на решението за овластување на правното лице.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на метролошки надзор над пакуваните производи, односно овластеното правно лице:

- не го извршува метролошкиот надзор над пакуваните производи согласно со Правилникот за начинот и постапката за вршење на метролошки надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат во однос на

количините, начинот на означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи,

- не поседува потребни технички средства или не располага со техничка документација за мерилата со кои се врши метролошкиот надзор над пакуваните производи,
- му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност и
- не води соодветна евиденција за работите поврзани со метролошкиот надзор над пакуваните производи, во рок од три дена изготвува записник за утврдената фактичка состојба, а Бирото во рок од осум дена од завршувањето на надзорот ќе поднесе предлог до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за укинување на решението за овластување на правното лице.

Доколку овластениот работник на Бирото, при вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 40 од овој закон, утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на работата на правните лица овластени врз основа на овој закон за вршење на метролошки надзор над пакуваните производи, односно овластеното правно лице:

- нема склучено договор за осигурување на мерилата и опремата со која се врши метролошкиот надзор над пакуваните производи,
- не поседува доказ дека техничкиот персонал посетувал курсеви или обуки за вршење на работите од областа на метролошки надзор над пакуваните производи од опфатот на овластувањето и
- нема доказ дека е солвентно, ќе донесе решение за отстранување на утврдените неправилности во рок кој тој ќе го определи.

Доколку во предвидениот рок овластеното правно лице не ги отстрани утврдените неправилности, Бирото во рок од осум дена ќе поднесе предлог до министерот за укинување на решението за овластување на правното лице.

Решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот.

## Член 44-а

Против решенијата од членовите 43 и 44 од овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

По жалбата против решението на инспекторот, односно овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Комисијата од ставот 2 на овој член одлуката ќе ја донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## Член 44-б

Патните и дневните трошоци од инспекцискиот надзор кој е завршен без изрекување на инспекциска мерка ги сноси органот надлежен за работата на пазарната инспекција, односно Бирото.

Патните и дневни трошоци од инспекцискиот надзор кој е завршен со изрекување на инспекциска мерка ги сноси субјектот на надзорот.

## XI ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 45

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микро трговец, ако:

1) употребува мерни единици кои не се пропишани со овој закон, односно со прописите издадени врз основа на овој закон (член 10 став 3);

2) пушти во промет или во употреба мерила од членот 3 став 1 од овој закон, а кои не ги исполнуваат барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и други закони за оцена на сообразноста на типот на мерилата и за верификација на мерилата (член 17);

3) видливо не ја означи несообразноста за пуштање во промет или ставање во употреба на мерилата што се покажуваат на трговски саеми, изложби, јавни презентации и слични манифестации (член 17-а став 2);

4) не ја чува техничката документација за мерилото во период од десет години од производството и не ја стави на располагање на Бирото (член 17-б став 3);

5) ограничи употреба на мерила (член 18 став 2);

6) на мерилото покрај ознаката за сообразност – CE ознака и дополнителната метролошка ознака стави и друга ознака со која се намалува видливоста и читливоста на ознаката за сообразност и на дополнителната метролошка ознака (член 20-в став 1);

7) на мерилото става ознаки со кои можат да се доведат во заблуда трети лица за значењето и формата на ознаката за сообразност, како и за значењето и формата на дополнителната метролошка ознака (член 20-в став 3);

8) не постапува во согласност со член 20-в став 4 од овој закон;

9) не се грижи за првата верификација (член 22);

10) не се грижи за периодичната верификација (член 23);

11) не се грижи за вонредната верификација (член 25 став 3);

12) употребува мерило чии ознаки и жигови, односно сертификат за верификација престанале да важат (член 29 став 2);

13) употребува мерило кое нема ознаки и жигови, односно сертификат за верификација (член 29 став 3);

14) пушти во промет пакувани производи чија количина не е точна, јасно и недвосмислено означена и ако нивната права количина не е во рамките на дозволените отстапувања од означената количина (член 33 став 2);

15) не го почитува решението за забрана за пуштање во промет на пакувани производи (член 36 став 1);

16) не го почитува решението за забрана на употреба на мерни единици кои не се пропишани со овој закон, односно со прописи издадени врз основа на овој закон (член 43 став 1 алинеја 1) и

17) не го почитува решението за забрана за пуштање во промет и употреба на мерила од членот 3 став 1 од овој закон, а кои не ги исполнуваат барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и други закони за оцена на сообразноста на типот на мерилата и за верификација на мерилата (член 43 став 1 алинеја 2).

Глоба во износ од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице, односно на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција, забрана за вршење на дејност или должност во траење од три месеци до една година.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, Државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог во согласност со одредбите од Законот за прекршоците и овој закон.

За прекршоците од ставот 1 точки 2), 3), 4), 6), 7), 8), 12), 13) и 16) на овој член, надлежниот суд ќе му изрече на правното лице и посебна прекршочна мерка одземање на мерилата со кои е сторен прекршокот.

**Член 45-а**

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 20 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 20 став 6 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 20 став 8 од овој закон.".

**Членот 46 е избришан,** види: Закон за изменување на Законот за метрологијата ("Службен весник на РСМ" бр.215/21).

**Член 46-а**

За прекршоците од членовите 45 и 45-а на овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Член 46-б**

За прекршоците од членот 45 од овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка Државниот пазарен испектор ќе поведе постапка за порамнување. Државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба согласно со членот 45 ставови 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, Државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Државните пазарни инспектори се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Член 46-в**

(од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.192/15)

Одмерувањето на висината на глобите на правното лице, односно на трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 46-в**

(од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, објавен во "Службен весник на РМ" бр.6/12)

Средствата од изречените глоби согласно со членовите 45 и 46 од овој закон, претставуваат приходи на Буџетот на Република Македонија.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Прописите донесени врз основа на Законот за мерните единици и мерилата ("Службен весник на Република Македонија" број 23/95), како и подзаконските акти кои се применуваат во согласност со тој закон, ќе се применуваат до донесувањето на прописите врз основа на овој закон.

**Член 48**

Ознаките и сертификатите за оцена на сообразноста на типот на мерилата (решенија за одобрение на тип на мерило), како и ознаките и жиговите, односно сертифкатите за верификација на мерилата (жигови, односно уверенија за исправност на мерило), кои се издадени пред влегувањето во сила на овој закон, остануваат да важат, под условите и роковите утврдени во прописите врз основа на кои се издадени, се до донесување на прописите врз основа на овој закон со кои се уредува начинот, постапката и условите за нивно издавање.

**Член 49**

Владата на Република Македонија заради непречено извршување на работите и задачите во областа на метрологијата, ќе обезбеди простории за работа на Бирото.

Соодветните материјални средства, опремата и архивата од Службата за стандардизација и метрологија кои се однесуваат на работите на метрологијата се пренесуваат на Бирото.

Вработените од Службата за стандардизација и метрологија кои вршат работи и задачи од областа на метрологијата, ќе продолжат да ги вршат овие работи и задачи во Бирото.

**Член 50**

Службата за стандардизација и метрологија продолжува да работи како Биро за метрологија во состав на Министерството за економија.

**Член 51**

До конституирањето на Бирото, Службата за стандардизација и метрологија, ќе ги врши работите од областа на метрологијата.

**Член 52**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за мерните единици и мерилата ("Службен весник на Република Македонија", број 23/95).

**Член 53**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување***
***на Законот за метрологија***
***("Службен весник на РМ" бр.84/07)***

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РМ" бр.120/09)***

**Член 23**

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 18 месеца од влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 24**

Одредбите на членовите 20-а став 4, 20-г, 30-б, 30-в и 30-г од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или со влегувањето во сила на соодветен меѓународен договор со Европската заедница за извештаите од испитувањата и постапките за оцена на сообразноста.

**Член 25**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за метрологијата.

**Член 26**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РМ" бр.136/11)***

**Член 3**

Одредбите од членовите 1 став (3) и 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат од денот на започнување со примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РМ" бр.6/12)***

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РМ" бр.164/13)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за метрологијата ("Службен весник на РМ" бр.41/14)*

**Член 2**

Директорот на Бирото именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата за која е именуван.

**Член 3**

Одредбите на членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата ("Службен весник на РМ" бр.192/15)*

**Член 5**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за метрологијата.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата ("Службен весник на РМ" бр.53/16)*

**Член 7**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 9**

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РМ" бр.64/18)***

**Член 2**

Одредбите од членот 4 став 5 точка 5) од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" број 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15 и 53/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 4 став 5 точката 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РСМ" бр.215/21)***

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за метрологијата***
***("Службен весник на РСМ" бр.147/24)***

**Член 35**

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" број 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна

Македонија" број 215/21) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 36**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".